ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

**ПОВИК БРОЈ 13/2023 – ИЗБОР НА РЕГИОНАЛЕН МЕДИУМ (Телевизија)**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот "Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија" кој е финансиран од Амбасадата на САД во Северна Македонија објавува повик за набавка ангажирање на регионален медиум за изработка и емитување на две едукативни видео содржини кои се од областа на антикорупциски практики и спречување на корупција.

**Предмет на набавка**

Во рамките на проектот проектот: "Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија" спроведуван од Институтот за стратешки истражувања и едукација од Скопје, имаме потреба од ангажирање на регионален медиум за изработка и емитување на два едукативни видео содржини кои се од областа на антикорупциски практики и спречување на корупција во јавните претпријатија.

**Предмет на набавката:**

Локалниот медиум (телевизија) има обврска да изработи две едукативни видео содржини кои се од областа на антикорупциски практики и спречување на корупција во јавните претпријатија. Изработката се состои од продукција и емитување на двете едукативни стории.

Медиумот е слободен да ги определи содржините, но треба да ги земе во предвид и наодите од истражувањето на ИСИЕ со наслов „Извештајот за процена на состојбите за постапување по пријави на укажувачи, транспарентност и отчетност на јавните претпријатија во Република Северна Македонија". Содржините на сториите поконкретно треба да опфаќаат теми од област на јавни претпријатија, заштита на укажувачи, антикорупциски практики, локална самоуправа, и транспарентност и отчетност. Содржините треба да вклучат и интервјуа со најзначајните чинители опфатени со проектот како и информации во врска со спроведените активности на проектот.

Видео сториите треба да бидат во траење од најмалку 10 минути, одделно секоја од сториите. Сторите треба да бидат изработени на македонски јазик, со превод (титл) на албански јазик.

Сториите треба да се емитуваат во рамките на информативна програма во периодот од 18-20 часот и да бидат два пати репризирани во истиот термин. Сториите треба да се објават и на каналот YouTube.

Пред да пристапи кон снимање и продукција на едукативните видео стории, медиумот е должен да подготви сценарио и да го прати на одобрување на ИСИЕ.

ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

Повикот е отворен за локални медиуми (телевизија) кои се со седиште во некој од следниве плански региони: Скопски Плански Регион, Полошки Плански Регион, Пелагониски Плански Регион и/или Источен Плански Регион.

Финансиската понуда треба да биде изразена во денари, без ДДВ. Проектот е ослободен од ДДВ.

При евалуација на понудите ќе се користи комбиниран метод на рангирање.

**Исполнетост на техничките критериуми** – 70 бодови

- Најмалку три години постоење (10 бодови);
- Статус на регионална телевизија и соодветна концесија (20 бодови)
- Најмалку 10 вработени (10 бодови)
- Емитува редовна телевизиска програма на подрачје/регион со најмалку 100000 жители (10 бодови)
- Емитуваат програма во региони во кои живее мултиетничко население (20 бодови)

**Финансиска понуда** – 30 бодови. Максималниот број поени ќе биде доделен на предлогот за најниска цена спореден со оние понудувачи кои ќе го поминат прагот поени при евалуацијата на техничката компонента (50 бодови). Сите други предлози за цени ќе добијат поени во обратна пропорција со најниската цена по следнава формула:

$$\text{Бодови за фин. понуда X} = \frac{\text{Максимум бодови за финансиска понуда * Износ на најниска понуда}}{\text{Износ на фин. понуда X}}$$

Рок за завршување на работите е два месеци од денот на склучување на договорот.

Начин на пријавување: Се доставува пријава која вклучува доказ за исполнетост на потребните квалификации, како и тековна состојба не постара од шест месеци. Заедно со документите, се доставува и финансиска понуда.

Документите се доставуваат најдоцна до **10 април 2023 година** година на следната електронска пошта: isie@mail.org**.**

Датум на објава на оглас: 03 април 2023 година.